ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
ООУ „Љубен Лапе“ Општина Аеродром – Скопје

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на сметка на буџет од самофинансирачки активности (787) за 2021

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања, а рефлектираните активности и трансакции се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**

- не издадени и сметководствено неевидентирани фактури по договори за закуп;
- издадените фактури не ги содржат потребните елементи, немаат потпис и архивски не се заверени;
- нереално и необјективно прикажување на побарувањата од купувачите и не извршен попис на побарувањата.

**Издадено мислење*:**
Изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2021 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни системски слабости:**
/

**Клучни препораки:**

- навремено изготвување на фактури по основ на закуп со дефинирање на фактурираниот износ.
- вршење попис на побарувањата согласно законските прописи;
- испраќање на опомени до должниците за навремена наплата на побарувања.

**Одговор на добиени забелешки:**
Од страна на в.д. директорот доставен е допис со информации кои ревизорскиот тим ги има обезбедено во текот на ревизијата и земено во предвид при вршење на ревизијата.

Добиените забелешки од страна на поранешниот директор се однесуваат на точките 3.1.2 и 3.2.1. Забелешката на точката 3.1.2 се прифаќа поради доставена дополнителна документација, а забелешката на точката 3.2.1 не се прифаќа поради не доставени дополнителни докази кои влијаат на утврдената состојба.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување



INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018